Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на дел дневните настани 24.08.2022

На 21.08.2022 полициски службеници од ПО Штипо Оризари го привеле И.А. (34) од Скопје, кој бил баран со потерница поради бегство од КПУ Идризово. И.А. бил осуден по член 215 од Кривичниот законик на казна затвор од една година и 10 месеци, а за доиздржување имал осум месеци и 29 дена. Лицето е предадено на надлежната казнено поправна установа.

На 24.08.2022 во 01.45 часот во зграда на бул.„Гоце Делчев" во Прилеп, полициски службеници СВР Битола - Полициска станица Прилеп го лишиле од слобода Д.Д.(34) од Прилеп. Тој бил затекнат при извршување тешка кражба во зградата и кај него биле пронајдени одземените предмети, кои биле вратени на сопственикот. Тој бил задржан во полициска станица и по документирање на случајот ќе следува соодветна пријава.

На 23.08.2022 во 18.00 часот полициски службеници од Полициската станица Кисела Вода го лишиле од слобода Е.С.(27) од Скопје. Тој се сомничи дека на 22.08.2022 соделел повеќе предмети и туби со нафта од фирма во Скопје. Кај него биле пронајдени одземените предмети и биле вратени на сопственикот. Во службен разговор во полициска станица Е.С. го признал делото. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.08.2022 полициски службеници од СВР Велес го лишиле од слобода С.М.(44) од Велес. Тој се сомничи дека на 08.07.2022 од угостителски објект во Велес одзел повеќе предмети. Лицето било приведено во полициска станица и по целосно документирање на случајот ќе следи соодветна пријава.

На 24.08.2022 ул.„Климент Охридски" во Битола, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Битола и полициски службеници од Полициската станица Битола ги лишиле од слобода Г.Б.(33) и И.Ј.(41), двајцата од Битола. Тие биле затекнати при купопродажба на наркотична дрога и кај нив биле пронајдени и одземени прашкаста материја, предмети со остатоци од прашкаста материја и пари во различни апоени. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.08.2022 околу 23.30 часот на улица „Панче Поповски" во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар ги лишиле од слобода Н.Ј.(38) и Н.С.(39) од Гостивар затоа што кај нив били пронајден кокаин. По документирање на случајот ќе следуваат поднесоци.

На 23.08.2022 околу 19.50 часот во парк на улица „Илинденска" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода А.Б.(23) од Тетово и Б.Ј.(23) од тетовска Голема Речица затоа што кај нив била пронајдена марихуана. Двајцата се задржани во Полициската станица Тетово и по целосно документирање на случајот ќе им бидат изготвени соодветни поднесоци.

На 23.08.2022 во 16.10 часот во населбата Керамидница, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.С.(25) од Скопје затоа тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.08.2022 во 17.15 часот во Парк Шука Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ф.К.(37) од Скопје затоа тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.08.2022 околу 15.30 часот во СВР Велес, од Казнено-поправната установа Затвор Велес било приведено дека кај затвореникот Ј.Н.Л.(26) од Неготино било пронајдено едно пакување хероин. Полициски службеници од крим полиција при СВР Велес извршиле увид, а дрогата била одземена за понатамошна постапка. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветна пријава.

На 23.08.2022 во 09.00 часот во СВР Тетово, тригесет и петтодишниот тетовец Љ.Ј. приајвил дека при изведување градежни работи во близина на неговата куќа во месноста „Кралево брдо", атар на тетовско Лавце, пронашол експлозивно средство (тромблонска мина). Извршен е комплетен увид, а мината, која била корозирана, била подигната и транспортирана до претставниките на Дирекцијата за заштита и спасување.

На 23.08.2022 во 20.00 часот на Граничниот премин „Меѓународен аеродром Скопје", полициски службеници го привеле Р.С.(30) од с.Гошинце, општина Ѓорче Петров, затоа што било констатирано дека во службената евиденција евидирал со мерка „апси" поради кривично дело „фалсификување исправа", казниво по член 378 од Кривичниот законик. Тој бил предаден на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

Во текот на вчерашниот ден (23.08.2022) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 326 возачи. Од нив 10 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а три возила се движеле со брзина над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 188 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 138 надвор од населено место.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (23.08.2022) продолжи со засилени акциски контроли во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 176 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 42 санкции, 18 мерки за возење без возачка дозвола, четири санкции за возење под дејство на алкохол. Изречени се 10 мерки за користење мобилен телефон, пет санкции за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикли, пет мерки за нерегистрирани возила, пет санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло), четири мерки за недавање пречнство на минување на пешаци, пет санкции за технички неисправни возила во јавниот превоз...

Во текот на вчерашниот ден (23.08.2022) во периодот од 19.00 до 00.00 часот спроведена е засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на прекршоци кои ги прават возачите на мотоцикли, при што санкционирани се 61 возач. Од нив, 38 возачи не користеле заштитна кацига за време на возење, 15 возеле без возачка дозвола, еден мотоцикл е одземен поради истечена сообраќајна дозвола и предизвикување голема бучава, а санкционирани се и други прекршоци.

На 23.08.2022 на територијата на СВР Битола, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа, санкционирани биле 32 возачи, од кои 20 санкции се изречени за пречекорување на брзината во населено место и 12 надвор од населено место.

На 23.08.2022 во 09.20 часот во Полициската станица Радовиш било приајвено дека на регионалниот пат с.Подареш- с.Сниланци, во близина на место викано „Бабин дол", С.С. (34) од с. Подареш кој управувавал мотоцикл „сузуки 750" со швајцарски национални ознаки, паднал на коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот констатирани во ЈЗУ Здравствен дом-Радовиш. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Радовиш.

На 24.08.2022 во 00.40 часот во Полициската станица Валандово било приајвено дека на регионалниот пат Валандово-с.Пирава, во близина на место викано „Страшите", патничко моторно возило „шевролет" со велешки регистарски ознаки, управувано од И.В.(19) од с.Јосифово, удрило во дива свиња. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила малолетна сопатничка од с.Удово, констатирани во ЈЗУ-Здравствен дом Валандово. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Валандово.

На 23.08.2022 во 12.40 часот во Полициската станица Центар, К.Т.(60) од Скопје приајвил дека на плоштад „Македонија" бил раснат од куче скитник.

На 23.08.2022 во 01.50 часот во Полициската станица Аеродром, А.Д.(44) од Скопје приајвил дека на бул.„Кузман Јосифоски Питу" неговата малолетна ќерка била расната од куче скитник.

Денеска (24.08.2022) околу 12.30 часот на улица „Илинденска" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово со судска наредба го привеле 30-годишниот тетовец Б.К., осуден на две затворски казни од вкупно пет години и осум месеци за сторени кривични дела „тешка кражба" казниви по член 236 од Кривичниот законик. Тетовецот Б.К. попладнево бил спроведен во Казнено-поправната установа Затвор „Идризово" во Скопје за издржување на казната.

На 23.08.2022 во 17.25 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.Т.(41) од Скопје поради физички напади и загрозување на сигурноста. Имено, првото кривично дело приајвениот го сторил на 29.11.2020 на подрачјето на Центар, при што физички ја нападнал неговата 40-годишна тогашна партнерка од Скопје. Второто кривично дело го извршил на 24.07.2021 на подрачјето на Карпош упатувајќи закани по животот на 42-годишна жена од Скопје. Третото кривично дело приајвениот го извршил на 09.03.2022 на подрачјето на Центар така што физички ја нападнал неговата 34-годишна партнерка од Скопје нанесувајќи и повреди, а упатувал и закани по нејзиниот живот. Единицата за насилен криминал-Одделение за семејно насилство при СВР Скопје до ОЈО Скопје против приајвениот поднесе соодветна кривична пријава по брза постапка и тој во текот на денот ќе биде изведен пред надлежен судија.

Денеска (24.08.2022) во 08.30 часот во СВР Тетово било приајвено дека на магистралниот пат Гостивар - Кичево, во близина на Новоселски мост, патничко моторно возило „митсубиши" со гостиварски регистарски ознаки, управувано од 75-годишниот М.А. од гостиварски Равен, излетало од коловозот. Во несреќата, возачот се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Гостиварската Општа болница „Ферид Мурат". На местото на несреќата увид извршила екипа од Одделението за внатрешни работи Гостивар.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Ц.Ш.(49) од село Велешта, струшко, М.Ц. (30) од село Велгошти и правно лице – угостителски објект од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „точење алкохолни пијалоци на дете". На 29/30.07.2022, за време на одржување на концерт во угостителскиот објект на сопственикот на Ц.Ш. и М.Ц., тет малолетници од Скопје на возраст од 16 години биле послужени со алкохолни пијалоци.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против З.С.(53) од Струга поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување лиценца". На 09.07.2022 на улица „Железничка" во Охрид, полициски службеници извршиле контрола и констатирале дека пријавениот со патничко возило вршел јавен превоз на патници без да поседува соодветна лиценца.

На 23.08.2022 во 12.00 часот на Граничниот премин „Меѓународен аеродром Скопје", полициски службеници го привеле Д.М.К.(25) од Република Турција поради нерегулиран престој во државата. Тој бил предаден на полициски службеници од Одделение за прекугранично криминал миграции странци и реадмисија Скопје за понатамошна постапка.

На 23.08.2022 во периодот од 19.00 до 24.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово спровеле акциска контрола на мотоциклисти, во која биле откриени и законски санкционирани вкупно 14 прекршоци (ТЕ-10 и ГВ-4). Најголемиот број од прекршоците (5) се однесувале на неносење заштитна кацига, односно шлем (ТЕ-3 и ГВ-2), 4 мотоциклисти (ТЕ-3 и ГВ-1) не поседувале осигурителни полиси, 3 немале возачки дозволи (ТЕ-2 и ГВ-1), 1 управувал регистрирани мотоцикл, а кај 1 констатиран е друг вид прекршок. На сите мотоциклисти - прекршители изготовени им се поднесоци и ќе се соочат со предвидените парични гломи. При контролата биле санкционирани и 8 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-3 и ГВ-5).

На 23.08.2022 во периодот од 18.00 до 24.00 часот СВР Битола спроведе акциска контрола за санкционирање на прекршоци што ги прават возачите на мотоцикли, при што санкционирани се 8 возачи. Од нив, 5 возачи не користеле заштитна кацига, а 3 возачи возеле без возачка дозвола.

На 23.08.2022 во 15.35 часот во СВР Охрид било приајвено дека во водите на Охридското езеро, помеѓу карпите кај црквата „Канео", било пронајдено тело на починато женско лице. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатото лице било дадено на обдукција. Увид бил извршен.

На 24.08.2022 во 08.40 часот во Полициската станица Аеродром, А.А.(40) од Скопје приајвила дека на 23.08.2022 околу 21.00 часот на подрачјето на Аеродром нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од четири малолетници. Се работи на расчистување на случајот.

На 23.08.2022 во Полициското одделение Петровец, 39-годишен жител на село од општината приајвил дека во 20.00 часот во дворот од куќата во селото, по претходно нарушени семејни односи, бил физички нападнат со тврд предмет од неговиот татко Р.Ѓ.. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 23.08.2022 околу 22.30 часот во Полициската станица Ѓорче Петров било приајвено дека во дворно место на подрачје на Ѓорче Петров, по претходна расправија и нерасчистени имотно правни односи, бил нарушен јавниот ред и мир од физичка пресметка помеѓу А.М.(22), Т.М.(41) и С.А.(64), сите од Скопје. Се работи на расчистување на случајот.

На 23.08.2022 во 22.30 часот во Полициското одделение Сарај било приајвено дека пред продажен објект во с.Сарај, скопско, Џ.Ф.(45) од Скопје физички го нападнал со тврд предмет А.М.(29) од с.Сарај. Се работи на расчистување на случајот.

На 24.08.2022 околу 02.00 часот во Полициското одделение Шуто Оризари било приајвено дека на бензинска станица на подрачје на Шуто Оризари, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу вработениот Ј.А.(23) и А.Б.(34), двајцата од Скопје. Се работи на расчистување на случајот.

На 22.08.2022 во 18.00 часот во Полициската станица Кисела Вода, Е.А. од с.Љуботен, скопско, приајвила дека околу 13.30 часот Е.Р. од с. Љуботен од огнено оружје пукал кон нејзината куќа, при што била направени оштетувања на куќата. Се работи на расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-пошта: kontakt@mol.gov.mk

Изработено од Унет